# Резимето на проект : Крива Паланка – Пат до бугарска граница

**Земја:** Република Македонија

**Број на проект:** 49118

**Деловен сектор:** Транспорт

**Вид на објава:** Јавен

**Еколошка категорија:** Б

**Планиран датум за разгледување пред Бордот:** 14 февруари 2018

**Статус:** Разгледување на концептот

**Датум на објава на Резимето на проект:** 13 октомври 2017

**Опис на проектот:**
Обезбедување на суверено-гарантиран кредит во износ до 12 милиони евра на Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП), за финансирање на работите за рехабилитација на двете ленти на дел од автопатот, во должина од 13.5 километри, помеѓу Крива Паланка и Деве Баир, блиску до Бугарската граница. Кредитот ќе биде загарантиран од Република Македонија.
Проектот е дел од источниот дел на Пан –Европскиот Коридор 8.

**Цели на проектот**
Поддршка на економскиот развој на Република Македонија и придонес кон нејзината регионална интеграција, со подобрување на поврзаноста во нејзините региони, помеѓу Република Македонија и ЕУ.

**Влијание врз транзицијата**
Проектот ќе ја поддржи Република Македонија во економскиот развој и регионалната интеграција, преку подобрена поврзаност помеѓу северно-источните региони на Република Македонија и остатокот на земјата, како и помеѓу Република Македонија и ЕУ.

**Информации за клиентот**
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА (ЈПДП)
ЈПДП е компанија во државна сопственосот, одговорна за работење и одржување на националната и регионаланта мрежа на патишта во Република Македонија.

**Финансиско учество на ЕБОР**
12,000,000.00 милиони евра
Суверено гарантиран кредит на ЈПДП до 12 милиони евра.

**Вкупна вредност на проектот**
16,400,000.00 евра
Вкупната вредност на проектот се проценува на 16.4 милиони евра.

**Еколошко и социјално резиме**
Категоризирано Б (2014). Еколошките и социјалните ризици поврзани со проектот се очекува да бидат поврзани со локацијата и да бидат брзо проценети и намалени. Банката во моментов ја комплетира Студијата за еколошка и социјална проценка (СЕСП); но независно од тоа, по иницијалното ревидирање на предложените проектни порамнувања, нема иденитификација на било какви заштитени области кои би влијаеле на работите, ниту пак било какви барања за материјални аквизиции на земјиштето. Во таа насока, со имплементацијата на проектите, се очекува подобрување на општата безбедност на патиштата, опфатени со проектот.

По завршувањето на изработката на СЕСП од страна на Банката, заедно со клиентот, ќе треба да се договори и Еколошкиот и социјален акционен план (ЕСАП), за проектот да може да се структуира во согласнот со барањата за работење, пропишани од Банката.

Овој документ на проектно резиме, ќе биде ажуриран пред да се побара негово одобрување од страна на Бордот на ЕБОР.

**Техничка соработка**
- Поддршка на имплементацијата на проектот.
- Подготовка за Корпоративен план за организациско зајакнување на ЈПДП.

**Контакт детали за компанијта**
Мартин Цеков
m.cekov@roads.org.mk
+389 2 3118 044
+389 2 3220 535
www.roads.mk
Даме Груев 14, 1000 Скопје, Република Македонија

**Деловни можности**
За деловните можности или набавка, контактирајте ја компанијата клиент.
За проекти во државен сектор прочитајте на Набавки на ЕБОР: Тел: +44 20 7338 6794
електронска адреса: procurement@ebrd.com

**Општи прашања**
Прашања околу проектите на ЕБОР, кои не се поврзани со набавка:
Тел.: +44 20 7338 7168
електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

**Политика на јавно информирање (ПЈИ)**
ПЈИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите, како се консултира со соработниците, за да промовира подобро осознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите. Текст на ПЈИ

**Механизам на приговори за проектот (МПП)**

Механизмот на приговори за проектот (МПП) е механизм на одговорност на ЕБОР. Тој дава можност за независна ревизија на приговорите од индивидуите и организациите, поврзани со проектите финансирани од ЕБОР, кои се претпосатвува дека предизвикале, или има веројатност да предизвикаат, еколошка и/или општествена штета.

Ве молиме посетете ја страницата на Механизам на приговори за проектот за да добиете повеќе информации за доставување на приговор. Службеникот за МПП (pcm@ebrd.com) ќе може да Ви одговори на било кое прашање поврзано со доставување на приговорот и критериумите за регистрирање и право на доставување на приговор, согласно Правилата за процедури на Механизмот на приговори за проектот.